Совет на Општина Делчево
Број 09- 818 /2
31.05.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 35.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на на 31.05.2024 година, во Мултимедијалниот центар со почеток во 10:18 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот кој заистакна дека од дневниот ред за 35.седница, се симнуваат две точки и тоа:

Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите и за работа на Комисијата за еднакви мижности за 2024 година и Предлог-заклучок по Барањето на ЗФГ „КОПАЧКА "број 09-779/1 од 15.05.2024 година.

Овие две точки се симнуваат од дневен ред бидејќи барателите на точките поднеле барање за повлекување на точките коењ согласно Деловникот го имаат. Имено, согласно член 160 од Деловникот,предлагачот на точката (одлуката, програмата) може да го повлече предлогот во секој момент се до задклучувањето на претресот.

Според тоа, за 35.седница тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 34.седница

1.Предлог-Одлука за парична помош по барање бр.21-96 од 05.03. 2024;
2.Предлог-Одлука за за парична помош по барање бр.21-125 од 08.04. 2024;
3.Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за еднакви можности;
4. Предлог-Одлука за парична помош по барање УП бр.21-146 од 16.05.2024 година;
5. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Процедурална забелешка имаше Иван Гоцевски кој истакна дека како што можат сите да видат по којзнае кој пат, Градоначалникот не доаѓа на седница на Советот на Општина Делчево, со што не само што го крши Статутот на Општината, Деловникот за работа на Советот, туку со тоа покажува крајно непочитување на Советот како нависок орган/институција во Општината на која самиот тој е градоначалник. Покажува крајно непочитување кон претседателот на Советот и членовите на Советот како претставници на граѓаните, непочитување и кон граѓаните кои го избрале него и членовите на Советот и им дале право на членовите на Советот да донесуваат одлуки за нивно добро. Освен што не доаѓа на седници на Совет, истиот не ги спроведува донесените одлуки на Советот. Исто така, се забележува дека ниту секретарот на општината не присуствува на седниците на Советот со што се губи и смислата на оваа новововедена позиција од страна на градоначалникот, најверојатно само заради „дебел финансиски надомест". Ваквото однесување на челниците во Општината најверојатно се одразува негативно и на

раководителите на секторите во Општината и на директорите на институциите кои се под каша на Општината и кои исто така не доаѓаат на седници на Советот, не одговараат на прашањата на членовите на Советот кои практично ги пренесуваат прашањата на граѓаните на општина Делчево и се однесуваат со институциите како да се нивно наследство, а не обврска.

Ваквото девијантно однесување на веќе споменатите ќе мора да престане на еден или друг начин, во спротивно нашата Советничка група ќе престане да ги почитува истите.

Кирил Тренчевски рече дека исто така е недозволиво однесување на поединци од општинската администрација кои се јавуваат телефонски и вршат притисок врз советниците кој да биде член во комисиите на Советот. Тоа не е во ред, советниците сами одлучуваат кој челн на Советот во која комисија ќе биде.

Претседателот на Советот се јави за збор и рече дека советниците мора да знаат дека имало обид за саботажа на седницата на Советот од страна на поединци. За него било симптоматично тоа што некои предлагачи му се јавувале и барале/инсистирале на дневен ред да бидат ставени нивните точки, за да ден подоцна се јават и бараат нивните точки да бидат повлечени. Советот е највисокиот орган на Општина Делчево кој работи согласно надлежностите кои му се дадени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот. Дали ќе има седница или не, согласно надлежностите одлучувам јас како претседател на Советот и вие како членови на Советот. Обидот за оневозможување на седницата е грубо мешање во работата на Советот, грубо мешање во надлежностите на претседателот на Советот. Тој рече дека има замерка и кон оние што го прават тоа и кон оние (некои предлагачи на точки) кои подлегнуваат на тој притисок и бараат повлекување на точките. Инаку, од страна на градоначалникот добил барање за одлагање на оваа седница, односно неодржување на истата со причини дека нема итни точки и дека таа седница ќе ја чини Општината 270.000 денари. На истото од страна на претседателот на Советот му било одговорено дека : *„Имајќи ги предвид моите надлежности, доставените материјали, како и нашите обврски како членови на Советот, а во координација со координаторите на советничките групи и останатите советници, беше договорен датумот 31 мај. Од тие причини, од моја страна беше закажана 35.седница за што бевте известени и Вие како градоначалник на Општина Делчево.Во периодот од завршувањето на 34.седница, до мене као претседател на Советот беа доставени повеќе барања за разгледување од граѓани. Напоменувам дека поради претседателските и парламентарните избори, некои од барањата не беа разгледани и покрај тоа што беа доставени порано.Во Вашето известување за одлагање на седницата, наведувате дека нема точки кои се од итен карактер. Ве известувам дека барањата доставени до Советот се од итен карактер имајќи предвид дека се работи за болничко лекување во странство, оперативни зафати, контроли и слично. Средствата на граѓаните им се потребни итно и затоа како претседател на Советот ценам дека треба да бидат разгледани на 35.седница. Понатаму во известувањето наведувате дека :„секоја седница без сериозна потреба од одржување на истата значи финансиска импликација за општинскиот буџет (270.810 денари) народни пари„.*

*Е, па вака...*

*Почитуван Градоначалник*

*Општинскиот буџет не е буџет само на (за) Вас и на (за) општинската администрација за редовни плати, патни и дневни,за награди без покритие.*

*Општинскиот буџет значи и помош на граѓаните кога им е најпотребна, општинскиот буџет значи подадена рака кога е најпотребно.Општинскиот буџет не значи околу 200.000,00 денари неисплатен надоместок за членовите на Советот за присуство наседници (надоместок кој е предвиден со закон исто како и вашите плати).За мене како претседател на Советот, барањата кои се на дневен ред се од итен карактер и ќе бидат разгледани на оваа седница, што значи дека 35.седница нема да ја одложам.Што се однесува за штедењето има многу начини и механизми и Советот во иднина ќе ги редуцира сите Ваши непродуктивни трошоци".*

Претседателот на Советот рече дека Советот е легитимен орган на Општината, кој е избран на непосредни избори од страна на народот исто како што е избран и градоначалникот. Сите советници се договараат како да работат во иднина. Градоначалникот на Општината нема никаков однос со Советот и членовите на Советот и тоа не е добро. Мора во иднина да се најде решение, рече тој.4ре

Иван Гоцевски рече дека тој и советниците од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата му даваат целосна поддршка на претседателот на Советот во неговата истрајност и доследност во работата како претседател на Советот на општина Делчево и покрај сите опструкции од страна на градоначалникот, дел од општинската администрација, раководителите и директорите на локалните институции.

Тони Стаменковски од Левица рече дека претседателот на Советот ја има и неговата поддршка и му сугерираше повлечените точки од дневен ред да не се ставаат на седница во скоро време.

Претседателот на Советот рече дека на 29 мај до Советот е доставено барање за парична помош за болничко лекување и предложи денешниот дневен ред да се дополни со тој предлог.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точка- Предлог-Одлука за парична помош по барање УП бр.21-153 од 29.05.2024 година беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои предлогот за дополнување на дневниот ред за 35.седница.

Беше отворена расправа по Записникот од 34.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот од 35.седница беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 34.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање бр.21-96 од 05.03. 2024;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот е поднесено барање од Благојчо Ѓорѓиевски уше на 05.03.2024 година. Во меѓувреме биле распишани претседателските и парламентарните избори и од тие причини оваа точка не била ставена на дневен ред. Барањето се однесува за надомест на погребални трошоци за неговиот син. Тој предложи сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање бр.21-96 од 05.03. 2024.

**Втора точка-Предлог-Одлука за за парична помош по барање бр.21-125 од 08.04. 2024;**

Во врска со оваа точка, претседателот на Советот рече дека ова барање се однесува на трошоци за болничко лекување (хемотерапија) на Даниела Џабирска и предложи сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање бр. 21-125 од 08.04. 2024.

Трета точка-Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за еднакви можности;

Во врска со оваа точка претседателот на Советот и претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна дека оваа точка е предложена за денешната седница од причини што претходно беа констатирани оставки на двајца нејзини членови на Советот и член на Комисијата, а во меѓувреме беше верифициран мандатот и на советничката Маја Алексова. Со ова Решение се предлага разрешување на Зекир Абдулов од член на оваа комисија и именување на Маја Алексова за член на КЕМ со цел да се комплетира комисијата и да може да работи во полн состав.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за разрешување и избор на член на Комисијата за еднакви можности.

Четврта точка- Предлог-Одлука за парична помош по барање УП бр.21-146 од 16.05.2024 година;

Образложение и по оваа точка поднесе претседателот на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање за,парична помош за болничко лекување во странство (со придружба од родител) на Стефанија Сапаловска и предлож сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање УП бр.21-146 од 16.05.2024 година.

Петта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање УП бр.21-153 од 29.05.2024 година;

Претседателот на Советот рече дека оваа точка била додадена на денешната седница од причина што исто како и претходните се однесува за болничко лекување (хемотерапија) и набавка на лекарства на Јагода Бојановиќ. Тој предлкожи 30.000 денари.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање УП бр.21-146 од 16.05.2024 година;

Шеста точка- Прашања и предлози на членови на Совет.

За збор се јави Ивбан Гоцевски кој постави повеќе прашања и тоа:

Иван Гоцевски, до Градоначалникот

1.Иницијатива од Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата Обнова на Македонија

Бараме од Градоначалникот да ја рзагледа оваа Иницијатива и на наредна седница на Советот да предложи донесување на Предлог-Одлука за реализација на афирмативен култутно-забавен настан со елементи на стимулирање на Локалниот економски развој на Делчево.

Настанот да се реализира во оериодот помеѓу 10 јуни и 15 август (точниот термин да се утврди дополн ително) со музичко-сценски перформанс на отворено на којшто ќе земат ѕучество афирмирани музички имиња од Македонија, проследено со дополнителни забавно-сценски активности и содржини.

Настанот да се реализира во соработка со заинтересирани правни и физички субјекти од Делчево и поширокиот регион во насока на афирмирање на локалните традиции, култура бизнис, граѓански сектор.

За реализација на овој настан да се направат напори од страна на Општина Делчево и членовите на Советот на општина Делчево за обезбедување финансиски средства од спонзорства и донации од надворешни донатори по пат на јавен повик, транспарентно и јавно, во којшто ќе се вклучат сите заинтересирани страни.

За реализација на настанот да се обезбедат финансиски средства од буџетот на Општина Делчево, согласно расположивите можности.

Доколку нема на располагање веќе вработени лица во Општина Делчево кои би ја спровеле оваа активност, да се направи Иницијативен одбор којшто ќе го спроведе целиот настан со лица волонтери.

Образложение/аргументи за итноста на оваа точка

Во рамки на целиот процес за реализација на настанот се предвидени голем број на активност за чија реализација е потребно соодветно време.

-Формирање на ТИМ за реализација на настаност со одговорно лице и задоени лица за поедини сегменти: ПР лица кои ќе спроведат сеопфатна промотивна кампања од почеток до крај на настанот/манифестцаијата; лица кои ќе поканат гости на соодветно ниво на самиот настан (збратимени општини, соседни општини, потенцијални бизнис партнери на локалните бизниси итн; Лица за финансиски менаџмент кои ќе спроведат соодветни законски постапки за обезбедување на финансии за реализација на настанот, Лица за обезбедување на опрема и останати материјални ресурси за реализација на настанот, Лица за комуникација со бизнис и НВО секторот за вклучување во настанот; Лица за комуникација зо ученци/уметници и лица задолжени за логистика на настанот.

-Спроведување на интезивна кампања за промоција на настанот и промоција на општина Делчево со различни аспекти клучни за нејзиниот развој. Колку побрзо се почне со кампањата, толку подобро имајќи го предвид фактот дека досега нема никаква промотовна кампања за ЛЕР долги години наназад.

-Обезбедување на термин за настап на афирмирании неафирмиранимузички уметници за самиот настап. Порано да се почне со комуникацијатасо потенцијалните учесници, спонзори и помагатели на настанот за ускладување на нивните тековни работни обврски и временска рамка од бизнис и НВО секторот.

2.Бараме да се изнајде трајно решение на проблемот во с. Ѕвегор со немањето на тротоар по кој граѓаните на с. Ѕвегор и пешаците би се движеле безбедно. Ова го бараме имајќи предвид дека магистралниот пат минува низ селото, сообраќајот е доста фреквентен, секојдневно поминуваат голем број тешки товарни возила што претставува зголемена опасност по безбедноста на децата и целото население. Потребно е да се реагира што поскоро.

3.До Градоначалникот и Секторот за финансии

1. Колку изнесува вкупниот долг на Општина Делчево до 01.06.2024 година? Бараме да ни доставите листа на сите што имаат побарување кон општината и точните износи кои општината им ги долгува.
2. Колку изнесува основниот долг на Општина Делчево до 01.06.2024 година? Бараме да ни доставите листа на сите што имаат побарување кон општината и точните износи кои општината им ги долгува.
3. Колку од вкупниот долг е долг стекнат по основ на камата?
4. Колку е вкупниот број на вработени заедно со пожарникарите во Општина Делчево?
5. Колку вкупно средства беа потрошени за плати , придонеси и дуги расходи за вработените во општината за целата 2023 година?
6. Колку се вкупните расходи на општината за 2023 година? Во прилог бараме да ни доставите и аналитика и синтетика на расходите на општината за 2023 година.
7. Колку се вкупните приходи на општината за 2023 година? Во прилог бараме да ни доставите и аналитика и синтетика на приходите на општината за 2023 година.
8. Колку е вкупниот долг на општината кон членовите на Совет на Општина Делчево?
9. Колку е вкупниот износ на средствата кои беа дадени од Владата на општината за раздолжување на сопствените долгови?
10. На кои добавувачи беа исплатени овие средства? Бараме во прилог да ни доставите листа на добавувачи на кои беа исплатени овие средства и точните износи кои им беа исплатени.
11. Колкава вредност од овие средства беа исплатени за раздолжување на основниот долг кон добавувачите а колку за долгот стекнат од камата?

До ЈКП „Брегалница“ и Сектор за финасии

12. Колку изнесува вкупниот долг на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево до 01.06.2024 година? Бараме да ни доставите листа на сите што имаат побарување кон ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево и точните износи кои претпријатието им ги долгува.
13. Колку изнесува основниот долг на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево до 01.06.2024 година? Бараме да ни доставите листа на сите што имаат побарување кон ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево и точните износи кои претпријатието им ги долгува.
14. Колку од вкупниот долг е долг стекнат по основ на камата?
15. Колку е вкупниот број на вработени во ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево? Колку е вкупниот број на вработени со договор на дело во ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево?
16. Колку вкупно средства беа потрошени за плати , придонеси и дуги разходи за вработените во ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево за целата 2023 година?
17. Колку се вкупните расходи на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево за 2023 година? Во прилог бараме да ни доставите и аналитика и синтетика на разходите на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево за 2023 година.
18. Колку се вкупните приходи на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево за 2023 година? Во прилог бараме да ни доставите и аналитика и синтетика на приходите на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево за 2023 година.
19. Колкава е вкупната фактурирана сума за 2023 година на ЈКП БРЕГАЛНИЦА од Општина Делчево кон Општина Делчево за сите услуги кои јавното претпријатие ги извршува за

Општината ? Во прилог бараме да ни доставите и картица на добавувач и побарувач помеѓу овие две институции.

Кирил Тренчевски рече дека нормално е советниците да поставуваат прашања и да бараат одговор, но да се прашува колку вода ќе плаќаат луѓето за м3 од с. Ѕвегор не е во ред бидејќи цената на водата е иста за сите граѓани.

Сашко Ивановски и Ели Ризова Ангеловска

1. Барање од граѓани, жители на село Град, доставено до Советничката група на ВМРО ДПМНЕ за поставување веќе обезбеден крст и осветлување на истиот на месноста „Калиште“ во с. Град.

Образложение во врска со барањето

Група иселеници од с. Град на привремена работа во Швајцарија и Италија бараат техничка поддршка од страна на Општина Делчево за реализација на ова барање, во смисла на обезбедување на електрична енергија на овој локалитет за поставување осветлување на крстот. На локалитетот се планира и фонтана и поставување на неколку летниковци, со цел афирмација на овој локалитет и с. Град и збогатување на туристичката понуда.

Напомена: Сите средства потребни за реализација на ова барање се обезбедени од нашите сограѓани иселеници во Италија и Швајцарија. Значи не се потребни било какви средства од Општина Делчево.

Оливера Ташевска, до Градоначалникот

1. Поставување на два „легнати полицајци“ на ул. „ Кеј на ослободување“

Образложение

Советничката група на ВМРО –ДПМНЕ го бара со цел зголемување на безбедноста на пешаците и учениците во сообраќајот на оваа улица.

Ова го бараме од причини што секојдневно на оваа улица се забележани организирани трки помеѓу неколку возила, а во близина има детски забавен парк каде секојдневно има голем број на деца и родители.

Иван Гоцевски, постави прашања и до директорката на СОУ „Методи Митевски-Брицо“-Делчево

1. Дали е точно дека имате добиено кривична пријава за несовесно вршење и злупотреба на својата положба?

2.Дали се точни гласините во јавноста дека против училипштето и директорот се водело судски спор по претходно поднесена пријава од Државниот просветен инспекторат поради незаконско издавање на спортската сала за партиски настан на политичката партија СДСМ. Дали Вие како директор чувствувате одговорност за овој случај и доколку НЕ, која е причината за истото?

Тој рече дека барал одговор на 3 прашања за јавниот превоз на ученици и добил одговор на прашањата. Но, истакна дека можеби директорката не ги разбрала убаво прашањата и затоа јавно ја повика да ги преиспита своите одговори.

Иван Гоцевски побара претседателот на Советот да го извести Државниот инспекторат за локална самоуправа за односот на градоначалникот кон Советот во смисла дека не доаѓа на седници, дека не ги извршува/спроведува одлуките на Советот, дека не го исплаќа надоместокот на членовите на Советот за присуство на седниците, дека не ги прима дописите, иницијативите и предлозите од членовите на Советот и не одговара на советничките прашања и предлози. Исто така барам од Вас како претседател на Советот да го известите за тоа и ресорното министерство, т.е. Министерството за локална самоуправа.

Тони Стаменковски ги запозна советниците дека поднел тужба до Општина Делчево за неисплатениот надоместок и дека од страна на секретарот неговиот правен

застапник добил одговор дека ЌЕ се исплати надоместокот. Е сега, кога, која година или кој век, јавно прашувам, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека од негова страна е известен Државниот инспекторат за локална самоуправа, запознаени се со повеќе работи и дека има насоки од нивна страна за негово постапување во врска со денешната седница.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 35.седница заврши со работа во 11.00 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов